Февруари 2013 Бр.136

# FOREVER
MACEDONIA



# FOREVER

**НОВО!!!**

## Драги дистрибутери отсега може да порачувате производи од Форевер Ливинг и со онлајн порачка.

Ова се трите основи чекори за онлајн порачка:

**1.** Изберете го линкот www.flp.bg/mac/order/

Ве молиме наведете го својот сегашен статус, за да продолжите кон модулот за нарачки

Нов дистрибутер 15% - обележете ја оваа опција ако сè уште не сте направиле лични купување во вредност од 2 бода во рок од два последователни календарски месеци и купувате производи со 15% попуст.

Дистрибутер 30% - обележете ја оваа опција ако веќе сте направиле лични купувања во вредност од 2 бода во рок од два последователни календарски месеци и купувате производи со 30% попуст.

| ---Изберете го својот статус---- |
|---|
| Нов Дистрибутер 15% |
| Дистрибутер 30% |

Забелешка: Вашиот статус ќе биде проверен при добивањето на нарачката од канцеларијата на ФЛП Македонија. Барања со погрешно наведен статус нема да бидат обработени. Ако не сте сигурни по какви цени купувате производи, ве молиме контактирајте не нас на телефонот 02/246 58 46 или на e-mail на адреса flp@t-home.mk

**2.** Одберете кои производи ги порачувате и внесете количина

| Код | Име | Б | Цена | Број | Износ | Износ Б |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 015 | Гел од алое вера / Aloe Vera Gel | 0.101 | 1168.30 | 2 | 2336.60 | 0.202 |
| 034 | Нектар од алое вера црвени боровинки / Aloe Berry Nectar | 0.101 | 1168.30 | 1 | 1168.30 | 0.101 |
| 037 | Мултиминерална формула / Nature-Min | 0.073 | 746.90 | 1 | 746.90 | 0.073 |
| 10001 | Достава | 0.000 | 210.00 | 1 | 210.00 | 0.000 |
| Вкупно: | | | | 5 | 4461.80 | 0.376 |

Пијалоци
Производи од пчела
Додатоци во исхраната
Лична хигиена
Контрола на телесната тежина
Спец. грижа за кожата
Нега за кожата
Комбинирани пакети
Материјали
Порачка

| Производи: | |
|---|---|
| Износ Б: | 0.376 |
| Износ ден.: | 4251.80 |
| **Друго:** | |
| Износ ден.: | 210.00 |
| **Вкупно:** | |
| Износ ден.: | 4461.80 |

Услови за користење
Упатство за користење

Порачка за нови дистрибутери

| | |
|---|---|
| Дистрибутерски код: | 359 000-000-000 |
| Име и Презиме: | Име и Презиме |
| Статус: | Дистрибутер 30% |
| Име и презиме на примачот на порачката: | Име и Презиме |
| Град / село: (Скопје: ☑) | Скопје |
| Точна адреса на достава: (До превземање: ☐) | Точна адреса на достава |
| Мобилен телефон: | 1234567890 |
| Дополнителен телефон: | |
| E-mail: | |
| Дополнителни информации за доставувачот: | |
| Начин на плаќање: | ◉ Преку Банка ○ Со Откупнина |
| Банка: | Стопанска банка АД Скопје ◉ |
| Сметка: | Банка: Стопанска банка АД Скопје<br>Жиро сметка: 200000875245639<br>SWIFT-BIC: STOBMK2X |
| Начин на достава: | **210.00 ден.** за достава до 5 кг. (24 часа) ◉<br>**260.00 ден.** за достава над 5 кг. (24 часа) ○ |
| Дополнителни забелешки за порачката: | |
| Запомни ми ги податоците во овој пребарувач: ☑ | |

ИСПРАТИ

**3. Откако ќе внесете кои производи и по колку парчиња порачувате, одберете од левото мени ПОРАЧКА и тука внесете ги вашите лични податоци и податоци за прием на порачката. Самата апликација наведува кои полиња се задолжителни. Следете ги веб пораките. Доколку имате нејаснотии или некаков проблем, слободно обратете се на тел 02 2465846.**

### Одлични постигнувања

Во семејството на Форевер има дистрибутери, кои секојдневно постигнуваат одлични резултати. Може звучи едноставно да се биде "одличен", но што тоа навистина значи? Често сум се прашувал и сум дискутирал со други луѓе дали има нешто заедничко меѓу оние кои постојано постигнуваат одлични резултати. Неодамна ја читав статијата „Одличните постигнувања се нешто сосем обично" за пливачи од светската класа, чија дејност авторот Даниел Чемблис ја следи три години. Неговите откритија ги опишуваат режимите и навиките по кои се разликуваат победниците од останатите атлети. Иако нашата мисија да распространуваме здравје и богатство помеѓу луѓето во светот е малку поразлична од таа на спортистите, верувам дека може да откриеме важни согледувања во истражувањето на Чемблис. Според него, за постигнување на одлични резултати треба да ги следиме следните три клучни совети.

### Одличните постигнувања се квалитетен феномен

Многукратното повторување и тренирање е корисно за да го научиме некого на основите на дадена дејност – како да прави презентации пред групи или како да научи повеќе за производите. Но откако ќе биде постигнато определено ниво на компетентност, нужни се **квалитетни** измени за да се промени начинот на кој се извршува самата дејност наместо само да се зголемува времето кое се поминува во повторување на прости задачи. Пливачката Мери Мигер која го соборила светскиот рекорд во дисциплина 200 м пеперутка, ги подобрила своите перформанси со само две квалитетни промени. Прво – никогаш не задоцнила на тренинг и второ – правела темелни тренинзи. Квалитетното фокусирање на овие два аспекта било клучно за неа. Важно е да се потсетиме дека механичко повторување на едно и исто не води до усовршување. Треба да се фокусираме на конкретни дејности или промени. Чемблис пишува дека суштествени и квалитетни се промените во три насоки: техника, дисциплина и став. Секој од вас нека се фокусира на промена на еден од тие аспекти во својата бизнис практика, за да го зголеми своето ниво на успех. Мислете на четирите клучни принципи кои ги дискутиравме на последното Супер рели во Феникс. Има ли дејност поврзана со спонзорирање, постојаност, продуктивност или развој, врз која ќе се фокусирате за да постигнете квалитетен напредок?

### Одличните резултати не се само за „талентираните"

Добрите постигнувања обично се објаснуваат со талент. Често гледаме луѓе со поголеми успеси од нашите и автоматски ги припишуваме на фактот дека тие се поталентирани од нас. Но вистинските причини за успеха не можат да бидат објаснети само со талент. Според Чемблис за издигање на пливачите до врвот се важни фактори како добар тренер, наследена мускулатура и задоволство од пливањето. Секој има свои вродени вештини и способности кои може значително да ги зголеми ако работи во тим. Топ претприемачот Гиан Фулгони препорачува „да се опколиме со вистински луѓе чии вештини се дополнуваат…"



Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**

Според него од решавачко значење е да собереме екипа во која секоја личност ги внесува своите уникатни дарби. Тоа несомнено важи во Форевер. Во нашиот бизнис независно од својот талент, никој не може да успее сам. Потребна е екипа од одлични луѓе, сосредоточени кон заедничка цел. Форевер постигнува одлични резултати благодарение на севкупните усилби.

### Одличните постигнувања се нешто сосем вообичаено

Гледаме мнозина чии резултати се врвни – како олимписки спортисти, така и исклучително добри дистрибутери на Форевер. Често сметаме дека тие имаат нешто уникатно – волшебна состојка, задолжителна за успех. Лично сметам дека поставувањето и исполнувањето на краткорочни цели и создавањето прецизни навики може да доведе до големи постигнувања. Даниел Чемблис истото го открива во своите проучувања. Тој вели: „…нема никаква тајна; клучот е во правење на сите оние мали нешта, многукратно правилно извршувани, додека совршенството на секој детал не стане длабоко вкоренета навика во секојдневието." Авторот одбележува дека симулирањето на вистински натпревар за време на тренинг ги подготвува спортистите да усвојат значајни настани од рангот на Олимписките игри како податливи. Јас лично сум се убедил дека одличните постигнувања навистина се должат на пракса и на квалитетна подготовка.

Нашиот стремеж е да ги насочуваме и наградуваме одличните постигнувања на дистрибутерите.Се надевам дека и вие ќе имате корист од опишаните техники и ќе продолжите успешно да ги споделувате со сите одличните можности за здравје и благосостојба, кои Форевер ги нуди. Постигнувајќи одлични резултати секој ден, вие имате потенцијал да создавате безгранични можности, како лично за себе, така и за својата екипа.

Во февруари направете најмалку една квалитетна промена која можете да ја споделите со другите. Како што демонстрираат и успешните спортисти, одличните резултати се криjат во деталите на секојдневните дејности. За мене е огромна чест да работам со прекрасни луѓе како вас. Вие ме инспирирате да се стремам кон одлични постигнувања и помагате Форевер да се издигне до нови височини!

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



### Активни ли сте?

Драги пријатели,

Овие денови со Гаља Царевска и Цветанка Бурназка го планиравме нивното патување до Хаваите во април оваа година. Нашите дистрибутери на ниво Сениор Менаџер се квалификуваа да учествуваат на првото Глобално рели на Форевер и да уживаат во едно незаборавно патешествие, целосно платено од компанијата. Најсрдечно ги поздравуваме за тоа постигнување! Не можете да си претставите какво задоволство е да гледаш луѓе кои независно од тоа што се случува околу нас, ги исполнуваат своите мечти и слободно го прават својот избор. Не се грижат дали ќе имаат средства или не, немаат граници што можат да посакаат и да постигнат. Тие избраа патот кон Хаваите да помине и преку Канкун во Мексико, за да стане уште повозбудливо и незаборавно. Сето тоа се должи на фактот што тие се дел од една уникатна можност, наречена мрежен маркетинг со Форевер Ливинг Продактс!

Нема само тие да се радуваат на награди. Сениор Менаџерот Антонија Димитрова ја освои престижната титула Менаџер „Орел" за 2013 г. и во мај со своето семејство, заедно со стотици други успешни дистрибутери на компанията ќе оди на островот Сардинија. Честито Тони и убаво да си поминете!

За нив, како и за иљадници други дистрибутери на компанијата, неповторливото животно патување започнува пред неколку години со средбата со уникатните производи за здравје и убавина со алое вера. Во животот на човек можат да се случат многу нешта, но едно од најубавите е да откриеш како да се храниш и да живееш здраво. Речиси и да нема друго познание на овој свет кое ти дарува здравје и подолг и квалитетен живот. Незаменливо е чувството дека сопствената благосостојба и таа на блиските, е во твои раце, без да имаш потреба од силно образование, специјални вештини или финансиски можности. Тоа се постигнува единствено и само преку формирање на правилен начин на мислење и однос кон личното здравје и финансиска благосостојба.

Човек има избор во животот – или се остава на течението и чека нештата да му се случуваат, или прави сé што е неопходно сам да си ја определи судбината. За жал голем дел од луѓето околу нас избрале пасивна позиција и од неа само констатираат кој е виновен за овој или оној проблем во животот. Но има и луѓе од иницијатива, кои се проактивни и гледаат што направиле сами за да им се случат нештата кои тие сакаат. Тие не си посакуваат секојдневно сè да врви полесно, да имаат помалку тешкотии и предизвици, туку секој ден го прават неопходното за да станат подобри, поумешни и помудри.

Можностите за здрав живот и финансиска благосостојба претставени од Форевер Ливинг Продактс се достапни за секој, без разлика на пол, возраст, образование или вештини.Но ги реализират само оние кои осознале дека:

*„Секој може да прави забележителни нешта. Вие исто можете да постигнете што сакате."*

Бидете активни и фокусирајте се, не бегајте од предизвиците, не го барајте лесниот пат и сигурни сме дека наскоро ќе бидете господари на својот живот. Мнозина веќе го постигнале тоа со Форевер – најдобрата бизнис можност на светот!

Засекогаш Ваши,
Стефан и Тања Стаеви



# Aloe Fleur De Jouvence

## Програма за регенерирање на вашата убавина со алое-комплет

Луѓето со векови го користеле чистото и пресно алое вера, за да ѝ дадат на кожата здрав, млад и убав изглед. Сега Форевер Ливинг Продуктс ја искористи полната сила на живото растение во еден од најдобрите комплети за кожа.

Aloe Fleur De Jouvence (Цветот на младоста) е една од најефикасните колекции за обновување на убавината. Ако сте поверувале во тврдењата на други козметички производи и потоа сте биле разочарани, пробајте Aloe Fleur De Jouvence, за да ја почувствувате чистата природна и сензационална разлика.

Комплетот Aloe Fleur De Jouvence содржи шест прекрасни компоненти, секоја создадена со определена цел за целосна грижа на кожата на лицето. За да ги собереме на едно место традиционалната мудрост со научните познавања во областа на современата дерматологија, во Форевер Ливинг Продуктс не се поштедивме од вложување напор за да создадеме исклучителни производи. Секој од нив е во елегантно пакување, кое го носи печатот за одобрување на Научниот совет за алое (со исклучок на маската за лице во прав), наредени во класична кутија со огледало, шпатула за мешање на состојките и четка за нанесување на маската. Секоја компонента може да се купи одделно, но во целосното благотворно влијание може да уживате единствено кога ќе ги вклучите сите елементи.

Формулата на секој производ во комплетот Aloe Fleur De Jouvence е разработена со голема грижа и внимание кон секојдневните потреби на вашата кожа. Започнуваме со внимателно стабилизираниот чист гел од алое вера и потоа го комбинираме со уникатните природни клеточни материи-хидролизиран еластин и колаген, заедно со исклучителните навлажнувачи, емулгатори и омекнувачи. Тоа поврзување создава уникатно богатство за кожата и го неутрализира штетното дејство на времето, атмосферските влијанија и околната средина. Превентивната и регенеративна програма Aloe Fleur De Jouvence обезбедува секојдневена грижа за кожата, со што ги стимулира природните атрибути на младоста-виталност, свежина и сјај на кожата.



Алое вера секогаш имало благотворно влијание врз кожата. Сега може да се разгалите уште повеќе со комплетот Aloe Fleur De Jouvence!

- Исчистете го лицето два пати дневно со Exfoliating Cleanser (Лосион за чистење).
- Тонизирајте и освежете го два пати на ден со Rehydrating Toner (Хидратантен тоник за лице).
- Додадете прекрасен изглед на вашето лице 2-3 пати седмично со помош на Facial Contour Mask Powder (Маска за лице) и Aloe Activator (Активен лосион за лице).
- Секоја вечер нанесете Recovering Night Creme (Регенеративен ноќен крем за лице).
- Секојдневно нанесувајте Firming Foundation Lotion (Лосион за затегнување на лице) – Дневен крем.

*Забелешка: Иако производите од комплетот Aloe Fleur De Jouvence содржат највисоко квалитетни хипо-алергични состојки, разумно би било, како кај сите нови производи, на почеток да се нанесе врз мал дел на место каде што кожата е почувствителна (на пример внатрешната страна на раката над лактот).*

## ТРЕТМАН НА ЛИЦЕТО СО ALOE FLEUR DE JOUVENCE

Комплетот Aloe Fleur De Jouvence ви ги нуди сите елементи од нашата регенеративна програма заедно со инструкции наведени во упатство. Ви нудиме резиме на целосниот циклус со користење на сите шест елементи. Дополнителни инструкции можат да се добијат за време на презентациите кои ги организира компанијата.

### Чекор 1

Исчистете го лицето и вратот со Лосионот за чистење. Нанесете го со лесни движења нагоре и надолу.

### Чекор 2

Отстранете го со мека и влажна крпа или памучен тампон и исплакнете обилно со вода.

### Чекор 3

Измешајте една мала лажичка од Маската за лице со приближно една мала лажичка Активатор, капка по капка додека смесата не ја добие густината на редок лосион.

### Чекор 4

Со козметичката четка нежно нанесете насекаде тенок рамномерен слој врз лицето (избегнувајќи го пределот околу очите) со движења кон горе и кон надвор. Започнете од основата на вратот и постепено распоредете го лосионот врз лицето и вратот вклучувајќи го пределот зад ушите. Ставете влажни тампони на очите, опуштете се во легната положба и избегнувајте движења на лицето во времетраење од околу 30 минути.





### Чекор 5

Отстранете ја маската најпрво омекнувајќи ја со затоплена и влажна крпа.

Потоа внимателно исплакнете го лицето и вратот со топла вода.

### Чекор 6

Нанесете Хидратантен тоник за лице со памучен тампон и избришете го со движења кон горе и кон надвор додека тампонот не остане чист. На тој начин ќе ги затегнете порите, ќе ги намалите линиите и брчките по лицето и ќе го подготвите за навлажнување.

### Чекор 7

(Во текот на денот) Нанесете Лосион за затегнување на лице на врвот на прстите и внимателно опфатете ја целата површина на лицето и вратот. Причекајте целосно да се впие. Така се образува заштитна основа врз која можете да нанесете шминка.

### Чекор 8

(Навечер) Нанесете Регенеративен ноќен крем за лице на врвот на прстите и внимателно покријте ја целата површина на лицето и вратот. Тоа ѝ дозволува на кожата да започне регенерирачки процес додека спиете.

## Алое ден Куманово 22.01.2013








# ПЕТ КОНТИНЕНТ
## Далас ✦ Будимпешта ✦ Ка
# 25 000 ЛУЃЕ ✦ ЕДН



*Претставено од Грег Моган, Претседател на ФЛП*

Правиме добри дела, добри луѓе сме, работиме добро… но зошто да не бидеме ОДЛИЧНИ?! Преодот од добри кон одлични постигнувања е голем скок и практично тоа е животно патување. Но ако сакаме да го искористиме целосниот потенцијал, секогаш треба да се стремиме кон повеќе и постојано да се усовршуваме.

Како можеме како дистрибутери на Форевер да ги претвориме добрите резултати во исклучителни? Како да го постигнеме успехот кој го посакуваме? Ви предлагам пет принципи, кои ги научив од книгата „Патот кон одличното” на Џим Колинс. Авторот проучува неколку фирми, кои преминале од средно ниво кон одлично и споделува кои фактори им помогнале за промената. Применете ги тие принципи кон својот бизнис, за тој успешно да расте.

1 **Не подлегнувајте на просечноста**. Да сте само добри не е доволно. Треба вистински да сакате да сте НАЈДОБРИ. Стремете се кон тоа и верувајте дека можете да го постигнете. Во Форевер не сакаме да сме просечни или да имаме просечни резултати. Сакаме да сме најдобри, мечтите да ни се големи, да постигнеме сè што посакуваме.

2 **Работете со вистинските луѓе.** Среќавам дистрибутери кои се фрустрирани и велат дека не ги постигнуваат очекуваните резултати. Кога ги прашувам со какви луѓе работат, обично ми одговараат дека соработниците не се доволно ангажирани и посветени на бизнисот. Мора постојано да им се јавуваат на телефон или да ги канат на средби на кои тие не доаѓаат, или да им прават услуги како купување и носење на производи дома. Не губете време да работите со луѓе кои не сакаат да се ангажираат. Вам ви требаат соработници со истите желби и стремежи како вашите. Откријте ги вистинските луѓе. Често барањето вистински луѓе одзема многу време, но се исплати, и ќе ви помогне да ги постигнете посакуваните резултати.




# ТА ✦ ПЕТ РЕЛИЈА
## нкун ✦ Хонконг ✦ Сан Сити
# А ГОЛЕМА ПОРАКА

**3**

**Научете да не сте зафатени, туку продуктивни.** Има разлика помеѓу двете. Постојано слушам од дистрибутерите: „Толку сум зафатен/а. Немам време да работам на квалификацијата за Глобално рели или програмата Менаџер „Орел". Претрупан/а сум со задачи." А токму тие се иницијативите кои ќе ве однесат до одличното и треба да си одвоите време за нив. Треба да научиме да правиме нешта кои се навистина продуктивни и даваат реален резултат. Анализирајте внимателно сѐ што правите во денот и со кого го минувате времето. Фокусирајте се на активностите од кои бизнисот ви расте – спонзорирање на нови луѓе, споделување на впечатоците од производите, опслужување на клиенти и др. Тоа се клучните дејности кои ќе ви донесат успеси во Форевер.

**4**

**Треба да имате огромна желба да сте најдобри.** Толку многу тоа треба да го сакате што ништо  не е во состојба да ви попречи, ничии зборови да не ве поколебаат. Силната желба ќе ви донесе успех. Ќе станете еден од најголемите лидери во Форевер. Кого и да прашате од водечките дистрибутери дали патот кон врвот им бил лесен, ќе ви одговорат одречно. Рекс често повторува: „Колку понапорно работам, толку поголема среќа имам." Топ лидерите работат многу напорно, зошто имаат силна желба да се најдобрите. Секој од нив ќе потврди дека по патот се сретнал со тешкотии и проблеми, но ги надминал благодарение на огромната желба и стремеж кон врвот.

**5**

**Имајте СМЕЛИ мечти!** Сакате ли да патувате низ светот? Да имате нова кола или куќа? Многу често луѓето кажуваат дека сакаат нов дом и си избираат мал стан во далечен кварт. Насочете се кон голема куќа со градина на најдоброто место, кон одмор во најубавиот ресорт, кон луксузен свтомобил… мечтајте СМЕЛО! Научете ги и екипите да сонуваат  смело. Сега е моментот да го постигнете сонот. Никој не може да ве запре!

Можеби една од смелите мечти е да станете Менаџер „Орел"? Или пак да се квалификувате за учество на Глобалното рели? Поверувајте, тргнете ги бариерите и остварете! Ќе се видиме таму!

HAWAII GLOBAL RALLY 2013 21-29 APRIL

FOREVER

## Квалификации за јануари 2013

**Асистент Менаџер**

**Димовски Младен**

**Супервизори**

**Крмови Валентина и Сашо**

**Асистент Супервизори**

1. Ајети Теута и Реџеп - Куманово
2. Ангелови Валентина и Ангелче – Штип
3. Ангеловски Хрисанти и Драган – Скопје
4. Арсови Славка и Михајло – Штип
5. Гушовска Снежана - Струмица
6. Дериволови Костадинка и Стојан – Штип
7. Ѓорѓевски Душица и Ѓоко – Скопје
8. Иванова Др.Андријана – Скопје
9. Ивановски Катерина и Драган – Куманово
10. Јакимовски Сузе и Гоце – Крива Паланка
11. Јакимовска Снежана – Скопје
12. Капсаров Стефан – Скопје
13. Катушевска Лидија – Скопје
14. Кузманова Јасминка и Тодоров Горан – Кавадарци
15. Манева Самарџиска Цветанка и Манев Ристо – Штип
16. Маштакова Оливера – Скопје
17. Мехмедовски Стојанчо и Дана – Штип
18. Меновска Буцевска Марија и Буцевски Дарко – Скопје
19. Миленковска Данче – Куманово
20. Минова Ања – Штип
21. Мишковски Драган – Скопје
22. Младеновски Елена и Видое – Крива Паланка
23. Наковски Виктор – Велес
24. Негриевски Емилија и Гаврил – Скопје
25. Патриклиска Елена – Штип
26. Пеновска Гордана – Крива Паланка
27. Покрајчовалиева Валентина – Скопје
28. Ристови Кире и Натка – Штип
29. Романова Котевска Јасминка и Котевски Славко – Скопје
30. Саневи Јасминка и Аце – Штип
31. Серафимовиќ Гордана и Томислав – Куманово
32. Симоновски Зоранчо и Јулија –Штип
33. Ставрова Ружа – Струмица
34. Стојковски Мирјана и Алекса – Крива Паланка
35. Стојановска Котевска Весна и Котевски Горан – Скопје
36. Тодорова Билјана – Штип
37. Тодорова Татјана – Велес
38. Тофиловска Донка – Скопје
39. Трајковска Викторија – Велес
40. Хаџи Ничева Билјана – Скопје

## АЛОЕ ДЕН ШТИП

**22. 02. 2013**

**почеток: 19.00 часот**

**Хотел “ОАЗА”, Штип**

## АЛОЕ ДЕН БЕРОВО

**02. 03. 2013**

**почеток: 18.00 часот**

**Општинска сала, Берово**

**НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!**

### ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

### Квалификации за јануари 2013

**ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ**

1. Вера Златковска
2. Младен Димовски
3. Др.Снежана Контра
4. Др.Роза Гелевска
5. Славица Донакова
6. Стевица Димовска
7. Николина Ѓорѓиева
8. Ленче Анаќиева
9. Валентина Крмова
10. Катерина Трајчевска

**ТОП 10 - Вкупен обем**

1. Блага Крстеска
2. Вера Златковска
3. Слафко Михајловски
4. Славица Донакова
5. Младен Димовски
6. Др.Снежана Контра
7. Катерина Трајчевска
8. Др.Роза Гелевска
9. Стевица Димовска
10. Николина Ѓорѓиева


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

ул. Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Aloe Bath Gelee

### Гел за капење и туширање со алое




Секој има потреба од малку време без стрес во своето секојдневие. Форевер Ливинг тоа го знае и ви го дава она за кое што имате потреба за да можете најдобро да уживате! Aloe Bath Gelee е идеална компонента за една охрабрувачка и освежителна бања. Основна состојка на овој прекрасен гел за капење и туширање за мажи и жени е стабилизираниот Алое Вера Гел, кој што има добиено печат за одобрување од Меѓународниот научен совет за Алое. Кон него додадовме одбрани билни екстракти кои го смируваат и освежуваат телото. Комбиниран со нашата специјална луфа, Aloe Bath Gelee ги отстранува мртвите клетки од кожата и ви дава чувство за неверојатна чистота и свежина. Богатата формула на гелот од алое вера продира длабоко во кожата и ја влажни.

Благотворното влијание не запира тука! Aloe Bath Gelee на Форевер Ливинг не само што ви го прави нежно телото, туку создава и чувство на одмореност и чистота, ве охрабрува и дозволува да го започнете новиот ден свежи и витални или да го завршите веќе изминатиот ден одморени и релаксирани.

### ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Нанесете Aloe Bath Gelee врз луфата или сунѓер, насапунете го целото тело и лесно протријте го со благи движења. Масирајте ја кожата, со тоа што ќе нанесете гел онолку колку што е неопходно, за да се почувствувате чисти. Енергично исушете ја кожата со мека крпа.